Благој СТОИЧОВСКИ

# КРУШЕВСКИТЕ АФЕРИ ОД 1902 ГОДИНА

## Аферата со оружје

Масовното вооружување на Организацијата било обврска на Битолскиот окружен комитет, иако некои околии, како костурската и леринската, успеале сами да го организираат купувањето на оружје од Грција. Тоа му дало повод и на крушевското раководство да се обиде само да го организира купувањето и снабдувањето со пушки од Грција.

За таа цел бил ангажиран Таќу Љапу, кој мошне добро го знаел грчкиот јазик. За Грција тој заминал кон крајот на 1901 година, и со помош на својот сограѓанин Гаки Нишка, успеал да се запознае со народниот пратеник Николаос од Лариса, пред кого се претставил како пратеник на некоја грчка организација од Битолско, од чиешто име бил испратен да купи оружје за подготвување на востание во Македонија против турската тиранија. Николаос, чувствувајќи дека ќе има лична материјална добивка, а по малку и патриотизам, решил да му излезе во пресрет на Љапу и дури средил пограничните власти да не му пречат туку да го помагаат изнесувањето на оружјето. Тој купувал пушки марка „Гра".[1]

Во пренесувањето на оружјето од Грција на Т. Љапу му помагал Зису, од селото Магарево, Битолско, од шура му од групата на десетарот Михаил Ракиџиев од Битола и од крушевчаните Кола М. Х'ча и Тега Херту.[2] Крушевската организација за таа цел обезбедувала пари и коњи. Оружјето, преку каналите од Леринско, Битолско и Прилепско, се пренесувало во Крушевско. Позначајни меѓу пренесувачите на оружје и муниција биле видни крушевски првенци како Таќу К. Ашлак, Коле Гор-

---

[1] Долгите пушки чинеле 30 драхми, средните 25, а кусите, карабините 20 драхми една, со по 100 куршуми. Еден златен наполеон чинел 32 драхми.

[2] Историја на Крушево и Крушевско од група автори, Крушево (1978), 185.

ѓи и Алексо Ивановски, потоа Ванѓу Макшут (Белич), Мате Сечков, Ванѓу Белувче и Васо Клисаров.[3]

Оружјето се пренесувало главно преку селото Крушејани, и се сместувало во централното складиште кое што се наоѓало во дворот на Таќу Љапу, или пак било директно предавано на оние граѓани што за него дале свои лични средства. Од централното складиште оружјето било разнесувано по упориштата во градот и во Околијата.

По тримесечното набавување на оружје и неговото доставување во Македонија Таќу Љапу бил откриен од еден свој сонародник, голем приврзаник на Патријаршијата, кој дури го пријавил и кај грчката милиција. Меѓутоа, Т. Љапу со помош на свои пријатели, успеал да се скрие и безбедно да се врати во Македонија.[4]

Во меѓувреме, во Крушево се појавила вооружена афера, која имала тешки последици за опстанокот на Организацијата во реонот. Во јануари 1902 година турските власти успеале да го фатат Јосиф Жабјанец, кој како другар во пренесувањето на оружјето, го посочил Кола Х'ча. Во исто време, во Битола пристигнале Кола и Тега[5] и се сместиле во анот на Стерју Жежов. Полицијата, возбудена од откривањето на Жабјанец, при престојот во анот кај Тега пронашла 100 златни турски лири, наменети за купување на оружје. Меѓутоа, Тега се претставил како трговец и, под гаранција на анџијата, парите му биле вратени. Меутоа, Кола, иако немал ништо со себе, но поткажан од некојси Јосиф, бил одведен во полицијата. Таму бил изложен на жестока тортура и мачење, со цел да ги открие каналите преку кои се пренесувало оружјето како и луѓето што го пренесувале, но сето тоа тој храбро и стоички го поднел и ништо не открил. Во меѓувреме, не знаејќи колку и до кога ќе може да издржи Кола, сите крушевчани како и населението што имало врска со него биле мошне загрижени.

Подоцна, меѓу македонските затвореници бил забележан и Кола, но тој не бил осуден. Таквата благонаклоност на турските власти кон него предизвикало сомневање кај Дамета Груев, кој во тоа време, исто така бил в затвор, а и кај другите затвореници. Набргу потоа се разбрало дека Кола станал предавник.[6] Како резултат на тоа, во битолскиот затвор биле доведени трговци, кираџии, учители, дури и жени. Во почетокот тој се воздржувал да открие било што за Крушево, но подоцна открил дека раководител на крушевската организација бил Петар Ацев,[7] Таќу и

[3] Истото, 165.

[4] Истото, 165.

[5] Нивните презимиња не ми се познати.

[6] Кои биле причините не се знае. Постојат само неколку претпоставки кои не се сигурни. Кола открил сè што знаел за каналот од грчката граница до Битола.

[7] Кој не бил уапсен бидејќи минал во илегалство.

Коста Ашлак, Фани Љапу и Јанаки Забле. Овие лица биле уапсени и испратени во Битола. Било откриено и складиштето на оружјето, но испразнето.

Властите не можеле да бидат задоволни со откривањето на само неколку лица од Крушево, бидејќи биле убедени дека во таа конспиративна игра биле вмешани поголем број лица и таа била мошне добро организирана.

Враќајќи се од „Којов трн", групата на Шапрдан го скрила оружјето во скривницата на напуштената куќа на Томо Илковски во месноста „Рамниште". Шпионката Куфа го забележала тоа и го пријавила случајот кај турските власти, кои веднаш се јавиле на посоченото место, го прибрале оружјето, го уапсила и подложила на тешки маки главниот учител Андреј Христов од Велес и училишниот службител Миту Неделков (Цуце). За слични појави Куфа ги открила на турските власти и Васо Т. Клисар и Јане П. Стомнарко, но не успеале да ги фатат бидејќи се скриле во горага и заживеале илегално.[8]

Уште не стивнале тие афери, на повидок биле и други слични случаи што го разбранувале населението во Крушево и околните села. Меѓутоа, Организацијата се трудела со сите сили да ги избегне овие немили случки и да го зацврсти својот пост.

## Ракитничката афера

Масовниот турски терор во Крушево, кога многумина граѓани биле уапсени и малтретирани, а други избегале во планините и побарале засолниште во организационите чети како резултат на аферите со оружје, претставувале сериозен удар за крушевската чета.

Напоредно со аферите со оружје во Крушево се развивала и друга афера,[9] која власта сметала да ја искористува со цел од основа да ја уништи Револуционерната организација во градот. Имено, во тоа време функцијата полициски началник во Крушево ја вршел Али-ефенди, жесток и развратен Турчин, од кого пиштеле и млади и стари. Неговата бруталност достигнала кулминација кога тој посегнал врз честа на една девојка сираче од Крушево, по име Заха Илкова и граѓаните од „Горната маала" поднеле колективна жалба до вилаетските власти во Битола. Но, наместо да му изрече строга казна на неморалниот престапник, битолскиот валија формирал „анкетна комисија"

[8] Историја на Крушево . . ., 265.

[9] Ракитничката афера ја обработуваме во оваа прилика, бидејќи дејноста на Ѓурчин Наумов-Пљакот била од големо значење за неа, врз база на податоци што ги соопштува Н. К. Мајски, што му ги дал секретарот на четата Методиј Стојчев, како и раскозот на Марко Христов, со кого Мајски другарувал во Видин, повеќе од 6 години, како и со податоци од други извори.

чија цел била да ги испита податоците во жалбата и да ја провери безбедносната состојба во реонот. Комисијата била составена од битолските полицајци Саит-ефенди и Мурат-ефенди, како и злогласниот Ариф Колџијата, на која ѝ се приклучил и оптужениот крушевски пристав Али-ефенди.[10] Таа комисија наместо да ја испита вистинитоста на случајот наведен во жалбата, имала за задача не да го гони престапникот, кој што бил меѓу нив, туку да ја открие револуционерната мрежа, да ги открие комитите и да ја уништи Организацијата. За таа цел, таа почнала да врши претрес по куќите, апсела и ги малтретирала до смрт уапсените. Како резултат на „анкетата" Томе Николов бил претепан, а неговата куќа разрушена. Подложени на маки и претепани исто така биле слепиот старец Крсте Дојчин, Заха Тирчу Карева, Стојче Станков Ризов, трговците Глигор Д. Божинов, Питу Гонда и Георче Тренков Селчанец, учителот Коста Белчев и др., и ги испратиле во Битола.[11] Анкетната комисија, исто така, вршела апсења и во селата: Горно и Долно Дивјаци, Пуста Река, Арилево, Зашле, Ракитница, Растојца, Острилци, Селце и Сланско[12]

Единствен од уапсените селани, којшто пројавил слабост и не ѝ останал верен на Организацијата бил Стојан Тодев[13] од село Ракитница, којшто издал неколку членови од месниот револуционерен комитет во неговото село. Тој бил заштитуван и подучуван од крушевските полицајци, од агите во Прибилци и од првенците Черкези од Ново Село, а за своите „услуги" добил една нива покрај реката Жаба и 50 златни турски лири. Верните на ослободителното дело, Ракитничани, таа вест ја пренеле на Крушевскиот револуционерен комитет и како резултат на тоа била определена реонската чета под раководство на Веле Марков да влезе во Ракитница, да го фати и казни предавникот[14]

---

[10] Никола Киров Майски, Крушево и борбитѣ му за свобода, 21; Търстенички Арести въ Крушево . . , 4; Н. Томалевски, Ракитничката афера . . , 35; Димитар Димески, Ракитничката провала — 1902 година, Историја VI/2 (1970), 142.

[11] Истото, 22

[12] Н. К. Майски, Епопеята на Крушово, Фонд: Никола Киров Мајски, ракопис (машинопис), София (1955), 279. Архив на Македонија, Скопје, арх. кутија бр. 3.

[13] Истото, 79, 280; Н. К. Маиски во „Крушово и борбить му за свобода (стр. 22) како предавник го наведува Стојан Толев, меѓутоа во својот понов труд „Епопеята на Крушово" врши корекција и предавникот го спомнува под името Стојан Тодев, што впрочем е и правилно. Овде може да се работи и за коректорска грешка што се провлекла при печатењето на „Крушево и борбитѣ му за свобода". Миле Бочвар предавникот го наведува под името Стојан Талев, а Наум Хр. Томалевски и Георги Томалевски под името Стојан Тодев. За таа цел разговаравме и со некои постари жители од селото Ракитница (Миле Јанкуловски, роден 1920 и Софре Видановски, роден 1912 година) кои изјавија дека името на предавникот за кого подоцна се исплеле многу приказни бил **Стојан Тодев.**

[14] Н. К. Маиски, Епопеята на Крушево . . . 280; Димитар Димески, цит. труд, 144.

Во предвечерието на Ракитничката афера, четата на војводата Веле Марков се состоела од седум души: Веле Марков од с. Селце, Ѓурчин Наумов-Пљакот од с. Сланско, Марко Христов-Мирче од с. Сопотница, Стојан Иванов од с. Жван, Георги Ралев Скршениот од с. Света, Георги Кошинчето од с. Кошино и Ристо Тасев Црниот од с. Воѓани. Во врска со аферата во градот кај четата пристигнале и избеганите учители од Крушево Методиј Стојчев, Петко Иванов и Даме Новев и занаетчиите Томо Кр. Дојчин, Тирчу Карев и Павле Костов, како и Иван Стојков Боримечката од с. Журче.[15]

На 9 јуни 1902 година (ст. ст.) во с. Пуста Река било договорено во четата да останат само Методиј Стојчев, Петко Иванов, Тирчу Карев и Иван Ст. Боримечката, а учителот Даме Новев и граѓаните Тома Кр. Дојчин и Павле Костов илегално да заминат за Битола, откаде по некои тајни канали требало да заминат за Бугарија. Новите четири четници положиле заклетва пред војводата и веднаш потоа била нарачана и четничка облека за нив.[16]

На 10 јуни 1902 година (ст. ст.) Веле испратил порака четата да биде пречекана на определеното место и час со определен лозунг. Раководителот на месната организација Гроздан Георгиевски,[17] за кого подоцна се дознало дека бил човек на „анкетната комисија", му јавил на предавникот Стојан Тодев за пристигнувањето на четата, а тој веднаш ги известил турските власти во Прибилци и Ново Село. Во самракот четата тргнала од с. Зашле[18] за с. Ракитница. Напред оделе Марко Христов и Георги Кошинчето коишто најдобро го познавале теренот. Пред да влезат во Ракитница се слушнал еден истрел од група овчари, а потоа следувал и вториот. Тие веднаш се посомневале дека нешто неочекувано и непредвидено се случува. Подзастанале да го сочекаат војводата со останатите четници и да го известат дека не добиле одговор на нивниот лозунг и дека веројатно четата е предадена. Веле Марков се правел како да не им при-

---

[15] Н. К. Майски, цит. труд, 280.

[16] Сите комити носеле еднообразна облека и биле снабдувани преку Крушевскиот реонски комитет, на чие чело во тоа време се наоѓал ѓаконот Јосиф Пречистански.

[17] Н. К. Мајски во податоците името на вториот предавник од с. Ракитница го спомнува како Гроздан Георгиевски, освен во „Крушово и борбитѣ му за свобода", каде што го спомнува како Гроздан Георговски (стр. 24), меѓутоа по извршувањето на проверка на текстот подоцна името го корегира во Гроздан Георгевски, што впрочем е и најточно. За ова ги консултиравме и Миле Јанкуловски и Софре Фидановски од с. Ракитница кои ни го потврдија овој податок. Додека, според Георги Томаловски (Крушевска република.... 99) се среќава името на Гроздан Георговски, а Наум Томалевски и Димитар Димески го спомнуваат како Гроздан Георгиевски.

[18] Според Н. К. Мајски (Епопеята на Крушово... 281) четата тргнала од с. Зашле за Ракитница, а не од Радово, како што наведуваат Г. и Н. Хр. Томалевски.

дава некое особено значење на овчарските истрели, но кога се приближиле кон селото и на определеното место не се појавиле пресретнувачите, му станало јасно дека се работи за предавство. Но, сепак тие решиле да влезат во селото каде што се сместиле во куќата на Ристе Стојчев. Војводата го испратил Ристе Стојчев да ги обиколи сите куќи[19] и да ги повика сите мажи со цел да ги открие соработниците на предавникот, но на повикот се јавиле само 5—6 души. Меѓу нив не се наоѓал Стојан Тодев, кој бил заминат кај „пријателите" во Прибилци. По кусиот разговор В. Марков ги ослободил селаните да се разотидат по своите домови. Четата решила да не го напушти селото, сè додека не ги открие помошниците на Стојан Тодев. Потоа војводата ја разделил четата на две групи — едната под водство на Марко Христов — Мирче што ја сместил во куќата на Никола Алексов, а другата, под негово раководство, во домот на Наум Силјанов,[20] којшто бил касиер на месниот комитет. По пристигнувањето на четата во Ракитница, раководителот на месната организација Гроздан Георгиевски им донел храна, а војводата претчуствувајќи го подлото предавство, одбил да јаде.[21]

Домаќините сакале да ги заклучат четниците за да отидат на работа, под мотивација да не дојдат некои цигани или други намерници и да ги забележат четниците. Веле Марков се согласил со овој предлог на домаќините, но како залог го задржал и домаќинот. Штом групата на Мирче го забележала непријателот заземајќи позиција околу куќата, сфатиле дека се предадени и сардисани. Без да чекаат наредба од војводата, комитите отвориле огин. Тоа ја изненадило групата на Веле, кој веднаш се сместил на погорниот кат и се распоредил за одбрана. Турците отвориле оган, а еден куршум се зарил во градите на домаќинот Наум Силјанов и тој се струполил смртно погоден. По извесно време, откако стрелбата малку стивнала, непријателот сметајќи дека комитите се исплашени пратил преговарачи со предлог четниците да се предадат. Но, војводата и

---

[19] Според Мајски во тоа време во Ракитница имало 48 христијански куќи (Крушово и борбитѣ му за свобода, 19), додека Георги Томалевски (Крушовска Република, 95) наведува дека во Ракитница имало не повеќе од 35 мали куќи покриени со слама и населени само со христијанско население. Меѓутоа, не сметаме дека податокот на Н. К. Мајски е точен и блиску до вистината, бидејќи тој факт со изворни податоци го потврдува и Љубен Лапе, во „Нови документи за Илинденското востание", Илинденски зборник 1903—1953, Скопје (1953), 147.

[20] Податокот што го дава Мајски, дека четата била распоредена во две куќи, и тоа во куќата на Никола Алексов, и во куќата на Наум Силјанов е точен. Тоа го потврдуваат и исказите на погоре споменатите ракитничани. Меѓутоа, пред да се подели групата на два дела, сите четници биле стационирани во домот на Ристе Стојчев. Податокот што Г. Томалевски го дава (Крушовска Република, 99), дека една куќа била на Никола Миленков, а другата на Христо Миленков, сметаме дека е погрешен.

[21] Гроздан Георгиевски им донел храна на четниците со цел да ја сокрие својата гнасна улога на предавник.

останатите четници не го прифатиле овој предлог. Борбата продолжила со несмалена жестина во текот на целиот ден. Веле, претчувствувајќи го крајот, наредил тој, Тома Дојчинов и Стојан Жванецот да слезат до долчето што води кон реката Жаба, кое не било заземено од непријателот, а останатите со стрелба да ги штитат од него. Борбата продолжила. Во огнениот обрач се ределе напади еден по друг. Била воведена рестрикција во трошењето на муницијата, што го ослабнала четничкиот отпор.[22] Тоа им овозможило на напаѓачите да им се приближат до одбранбениот бедем. Најпрвин била потпалена куќата во којашто се наоѓал војводата со неколку негови другари. Претчуствувајќи дека во таа огнена стихија војводата и другите четници можат живи да изгорат, ја напуштиле куќата и продолжиле да се борат откај долчето на реката Жаба.[23] Во жестоката борба што потоа продолжила, војводата Веле Марков бил смртно погоден, а во исто време загинал и неговиот другар Стојан Иванов.[24]

Ретко виден хероизам и исконство покажал четникот Тирчу Карев, кој што сред метежот од непријателски куршуми се пробил до една бliska плевна во која имало скриено муниција. Турците се обиделе жив да го фатат. При обидот да се самоубие, за да не падне жив во рацете на душманите, Тирчу Карев тешко се повредил во грлото.[25] Со крајни претсмртни маки успеал да се врати кај другарите и ги замолил да го убијат, за да не се мачи повеќе. По извесно време иако со тешко срце, неговата молба му била исполнета од страна на еден негов другар.[26]

Кога престанала огнената стрелба и паднала ноќта, една мала група од четници предводена од Ѓурчин Наумов—Пљакот се договорила да ја напушти куќата и да го пробие турскиот обрач. Ѓурчин почнал да ги убедува со следните зборови: „. . . Овде сме ставени во клешти и треба да избереме едно од овие нешта: да бегаме, да се предадеме или да се самоубиеме. Да се предадеме е срамно, да се самоубиеме е напразна смрт, ние уште кога станавме комити, се разбира, знаевме дека животот ни виси на конец. А дали ќе умреме од вражкиот куршум или од свој куршум, сè е тоа смрт. При обидот да се искубеме има една шанса некој од нас да ја избегне смртта и да ја продолжи борбата, за која што се заколнал. Јас предлагам да се

---

[23] Димитар Димески, цит. труд, 148,

[23] Н К. Майски, Ѓюрчин Наумовъ — Плякот Крушовски войвода, живота, политическата му дейност и свързанитѣ съ дейноста му събития (Материяли за историята на македонските освободителни борби), Крушово (1942), 1—51, АО ИНИ, Сл. IV. 133, 27.

[24] Н. Томалевски, цит дело. 38; Димитар Димески, цит. труд, 149.

[25] Н. К. Маиски, Воивода Велъко Марков, Ил, Илинденъ 5, кн. 6 (46), София (1930), 2; Димитар Димески, цит труд, 149.

[26] Според Илија Јордановски (Провалите во Македонија, „Мисла“, Скопје (1978), 99, Тирчу Карев на негова молба бил дотепан со еден истрел во главата од страна на еден од неговите другари по име Христо.

обидеме да избегаме и ве молам да ме послушате.[27] „Ѓурчин успеал да избега и да се спаси иако бил забележан од Турците кои веднаш тргнале по него за да го фатат жив. Но, тој ги надитрил преправајќи се како башибозук-потерација, облечен во арнаутска носија и говорејќи го добро турскиот јазик извикал: „Држете ги — ете ги комитите". На тој начин поминал преку селото и се спасил. Притоа загинал Георги Кошинчето.[28]

За несреќа, другите четници на излегување од куќата подготвувајќи се да бегаат биле фатени од Турците, обезоружени и одведени кај реката Жаба кај нивните убиени другари. Таму мртви лежеле првите жртви — Веле Марков и Стојан Силјанов, а понатаму се наоѓале труповите на Тирчу Карев и Георги Кошинчето. По малку Турците ги донеле и труповите на Павле Костов и Даме Новев влечени за нозе. Понатаму еве како Мајски го опишува овој траурен настан:

„Командирот ги натера заробените четници еден по еден да посочуваат кое тело е на војводата Веле Марков, а кое е на Ѓурчина. Се установи на неспорен начин, дека само Веле е меѓу убиените, но не и Ѓурчин, на кого тие (Турците н. з.) му имале заб ... Изврзани со јажиња, заробените четници беа испратени под конвој во мудурлукот во Прибилци, каде што беа подложени на маки и казни, а оттаму испратени во Битола."[29] Со цел да го заплашат народот, на Веле Марков, на Тирчу Карев, и на Георги Кошинчето, им биле отсечени главите и јавно носени за показ, со цел рајата да се исплаши и да се откаже од понатамошната револуционерна активност. Тоа се случило во зората на 12 јуни 1902 година."[30]

Веста за Ракитничката афера мошне бргу се пренела во Крушево и во околните села. Тешко болниот ѓакон Јосиф Пречистански,[31] раководител на Крушевскиот револуционерен комитет по тој повод на војводата Јордан Пиперката му напишал писмо со следнава содржина: „... Брате Јордане! Нашиот сакан брат Велко Марков со четата е опседнат во Ракитница. Те молам притекни му на помош, откако ќе го нападнеш аскерот в грб и отвориш пат на четата да се извлече. На твое располагање ти ги даваме милициите од сите наши планински села. Вечерва над Ракитница ќе пристигнат милициите од Крушево и Острилци. Да живее Македонија! Смрт на врагот! Братски те бакнува ѓаконот".[32]

---

[27] Н. К. Майски, Епопеята на Крушово, 284.

[28] Истото, 225

[29] Истото, 290.

[30] Најточни податоци за гледиштата за датирање на борбите кај Ракитница дава Димитар Димески, види: цит. труд, 146.

[31] Чие име и презиме било Иван Ралев, син на учителот Коле Ралев од Крушево, додека името Јосиф и презимето Пречистански се духовни, што ги добил по неговото замонашување во кичевскиот манастир „Св. Пречиста"

[32] Н. К. Майски, Епопеята на Крушово, 289.

Ѓаконот веднаш го повикал учителот Тодор Павлов да ги извести комитите на сите соседни села на Ракитница да ги отстапат своите милиции на располагање на Ј. Пиперката, а дури напишал писмо и до Селце, родното село на опсадениот војвода.

Ѓаконот и учителот Т. Павлов од градот исто така организирале акција за помош. Комитетот определил една група младинци под раководство на Никола Здравев Шапрдан. Во таа група влегле: Ванчу Дојчинов, Вангу Георгиев Макшут, Тоду Ставре Ковач, Миха Алексов, Васо Томов Клисар, Јане Павлов Стомнарко, Вангу Котев Белувче, Ташку Стефанов Куке и др.[33]

На помош набргу пристигнал и Јордан Пиперката со 80 души четници од Брезово, Пуста Река, Горно и Долно Дивјаци и Арилево, кои дошле до Кочишта. Острилчани пристигнале до „Којов трн", а пристигнала и групата на Никола Шапрдан од Крушево. Помошта пристигнала доцна, кога селото веќе горело, грмежите биле стивнати, а борбата згасната. Затоа тие ги напуштиле своите позиции и се повлекле.[34]

Како резултат на овие тридневни борби загинале 6 четници што биле погребани во заедничка гробница во црковниот двор во селото Ракитница, 4 биле фатени живи и осудени на доживотна робија, 6 селани биле убиени, 3 ранети, 30 селани затворени и тепани до смрт, 12 куќи ограбени и многу жени, моми и невести обесчестени. Од турска страна биле убиени 35 Турци, меѓу кои и злогласниот черкез Јонус-ага.[35]

Предавникот Стојан Тодев за да не биде убиен од Организацијата, се преселил во с. Прибилци. На Митровден 1902 година Ѓурчин и Пиперката влегле во Ракитница да го побараат С. Тодев, но кога не го нашле, ја запалиле неговата куќа, во која за несреќа, изгорела и неговата мајка. Меѓутоа, тој бил убиен на нивата од синот на Јован Црниот од с. Радово — еден од пострадаsucceeded селани во аферата. Во текот на 1904 година, социјалистот Најдо Черга,[36] по задача на Организацијата, го убил и вториот предавник од Ракитница, Грোздан Георгиевски.[37]

[33] Истото, 290.

[34] Н. К. Майски, Крушово и борбитъ му за свобода, 24.

[35] Н. К. Майски, Епопеята. . . , 202; Истиот, Крушово и борбите му за свобода . . ., 24; Димитар Димески според податоци од Н. Томалевски и в. „Право" дава податоци кои се разликуваат од поместените во текстов, види: Д. Димески, цит. труд, 152.

[36] Поопширно за Најдо Черга види: Благој Стоичовски, Револуционерот и социјалистот Најдо Черга — Дедо Најдо од Ракитница — Историја XIX/2 (1983), 117—128.

[37] Н. К. Майски, Гюрчин Наумов — Пльакот . . . 28—29

Blagoj STOIČOVSKI

## THE KRUŠEVO AFFAIRS OF 1902

Summary

The author at the beginning has given a description concerning suplly with arms of the people in the Kruševo region. These are the so callled arms affairs where through the different channels the people from Kruševo and the Kruševo region have made attempts to transfer arms from Greece to Kruševo.

The second Kruševo affair is the so called in the history Rakitnica Affair which took place on June 9, 1902. The legendary Macedonion revolutionary and voivode Vele Markov and his group came to Rakitnica to find and punish the Ordanisation's traitor Grozdan Georgievski. But, in the meantime, they were surrended and during the unequal fight with the Turks, 6 members of the group were killed including their leader — Vele Markov. As a result of the three day's battle, 3 peasents were heavilly wounded, 30 imprisoned, 12 houses were robbed and a lot of women and young girls have been raped.